ОПШТИНА КАРПОШ

ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

НЕГА ЦЕНТАР | ОПШТИНА КАРПОШ

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

SUPPORTED BY
WORLD BANK GROUP

Општина Карпош и Црвен крст на град Скопје, за потребите на проектот - Нега на стари лица во домашни услови во општина Карпош, финансиран од Министерство за труд и социјална политика и Светска банка, во рамки на ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, распишуваат:

# К О Н К У Р С

## за обука за Негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост

Се повикуваат сите заинтересирани лица кои сакаат да посетуваат обука и да се стекнат со верификуван сертификат да аплицираат во периодот од 10.02.2021 до 10.03.2021 година.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да се државјани на Р. С. Македонија;
- Да имаат над 18 години;
- Да имаат општа психо-физичка способност за работа;
- Да имаат завршено минимум основно образование;
- Да бидат мотивирани за работа со стари и немоќни лица, и лица со попреченост;
- Да бидат подготвени да обезбедуваат помош и нега во домот како негуватели, по завршување на обуката.

Предност се дава на лица кои живеат во општина Карпош, лица кои ја изгубиле работата во време на пандемијата, се невработени и/или лица од ранлива категорија на граѓани. Но, секое лице кое е заинтересирано за работа како негувател во рамки на овој сервис го охрабруваме да се пријави.

**Напомена:** Обуката за Негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост е сертифицирана.

Заинтересираните кандидати можат да се пријават со контакт податоци на е-маил: skopje.negacentar@redcross.org.mk ; тел. 070 352 246 .

Секој заинтересиран кандидат ќе биде повикан на индивидуално интервју.